## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

### од Шестото продолжение на Деведесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 7 февруари 2008 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,50 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата, да започнеме со седницата.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Бидејќи има доволен број на пратеници, можеме да започнеме со работа.

Пред да поминеме на самата седница, дозволете да ви го прочитам записникот од координацијата која се држеше меѓу 10,00 и 11,00 часот.

НСДП и СДСМ побараа во текот на попладнето вчера во 16,40 часот од страна на НСДП, а во 16,45 часот од страна на СДСМ, побараа итна седница, во врска со актуелното прашање за стечајците.

Претседателот на Собранието во согласност со она што вчера, кога ги прими претставниците на стечајците, во согласност со своето ветување, предложи дека Законот поднесен од страна на НСДП, да се разгледува на редовната седница на 25.02.2008 година.

За овој предлог, после опсежна дискусија се изјаснија претставниците на ВМРО и ДПА.

Господинот Зашов, како претставник на НСДП изјави дека инсистира на итна седница денес. Се извинувам, неочукан записник читам, затоа е вака споро, инсистира на седница денес, но доколу претседателот на Собранието се одлучи за редовна процедура, ќе се согласат за тоа да дојде на дневен ред на 25-ти. СДСМ инсистира на седница денес. Едногласно СДСМ, ДУИ, ЛДП и претставникот на ПСД, се изјаснија дека бараат итна седница денеска, на која ќе се разгледа прашањето за стечајците. Тоа е резултатот од координацијата.

Според тоа, сходно на она што јас и вчера го изјавив, за денешниот ден, треба да продолжиме со разгледување на 98-та седница со амандманска расправа.

Тука гледам доста луѓе пријавени, претпоставувам се пријавени или тоа е од вчера. Од вчера ли е или од денес. Ве молам, тие што се од вчера, можат да го ревидираат ставот и за денеска, како сакаат. Но, тие што се од вчера, ако ревидираат така и денес да сакаат збор, ќе се запишат после. Јас вчера немав сознание дека оставив дисплеј со некое име.

Според тоа, кој е спорен во однос на тоа да почнам да прозивам, да почнеме со дискусија. Значи, нема спорни.

Господине Гештаковски, вие што предлагате?

**Кире Гештаковски:** Јас бев од вчера.

**Љубиша Георгиевски:** Добро. Вие сега предлагате да говорите прв процедурално.

Значи, има збор господинот Кире Гештаковски.

Процедуралните дискусии ќе одат строго деловнички.

Прво, вашата дискусија на крајот и ве молам секој да каже по кој член да можам да го прочитам кој член и да видиме што може и како може, се да биде јавно и транспарентно.

Повелете господине Гештаковски.

**Кире Гештаковски:** Ви благодарам господине претседателе, почитуван министре, почитувани пратеници.

Јас и вчера бев пријавен и не ги знаев овие моменти. Денеска присуствував на координацијата што ја свикавте вие во 11,00 часот и за жал, се потврди дека нема договор на координацијата. Се договоривме вие да го прочитате извештајот, односно тоа што се договоривме на координација и сега, мојата процедурална забелешка станува депласирана, бидејќи не се договоривме на координација. Вие го прочитавте тоа кој претставник на политичките партии за што децидно се залагаше. Предлогот наш да се свика итна седница, било да се разгледува предлогот на СДСМ или на НСДП не помина и сега мислам дека е илеревантно да продолжам понатаму со процедуралната забелешка и се откажувам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам, бидејќи вие претходно цитиравте што и како беше во договорот, јас немам што тука да се мешам со дообјаснување.

Господин Оливер Спасовски повелете, сега вие имате процедурално три минути.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван претседателе, се јавив за процедурална дискусија, заради тоа што навистина сум загрижен за она што се случува на координација и навистина многу разочарано ставот кој што парламентарното мнозинство го покажа во однос на проблемот за кој што разговаравме, во однос на решавањето на проблемот на стечајните работници, поставување на точка на дневен ред денес на итна седница на Собранието да се расправа.

СДСМ вчера поднесе барање за свикување на итна седница во Собранието на Република Македонија и поднесовме предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за вработување со осигурување во случај на невработеност, со Предлог на закон и побаравме на итна седница денес, со единствена точка на дневен ред да се разговара во Собранието и да се побара решение за проблемот.

Ова е потребно пред се, заради тоа што веќе долго време ги оставивме стечајните работници во неизвесност. Веќе година дена власта, ВМРО-ДПМНЕ и Груевски немаат сенс да седнат ниту

да разговараат за било какво решение за овој проблем, а итноста е наметната, дотолку повеќе од потребата, затоа што веќе неколку дена е блокирано Собранието и Владата и воопшто градот Скопје.

Од тој аспект и од разговорите кои што вчера се разговарани со стечајните работници, очекував дека ќе имате доблест и вие како претседател на Собранието на Република Македонија да ја искористите деловничката можност, која што ви дава право да закажете итна седница и денеска токму во моментот кога овие стечајни работници го блокираа Собранието, после три дена расправаме за Предлог на закон кој што значи решавање на проблемот на стечајните работници. Навистина, не можам никако поинаку, ниту вас ниту парламентарното мнозинство да ве разберам, освен дека бегате од решавање на овој проблем и не сакате да се соочите со решавањето на проблемот на стечајните работници. Уште пострашно, бегате и од ветувањата кои што им ги дадовте во текот на изборната кампања.

Оттука, предлагам согласно членот 79, Парламентот да ја прекине расправата по оваа седница која што е на дневен ред моментално, да свикате итна седница, исто така како што свикувате итни седници за кои што абер ќе ви прати Груевски од Владата по било кое прашање. Мислам дека аберот кој што ви го праќа за стечајните работници е многу многу побитен во Република Македонија од она што ќе ви го каже Груевски и на итна седница да расправаме веднаш за решавање на проблемот на стечајните работници, затоа што е проблем кој што не трипи одлагање. И проблем кој што треба и вие како претседател на Собранието и ВМРО-ДПМНЕ и Груевски да покажат малку доблест и храброст и малку интерес за граѓаните, оние кои што придонесоа да седите денес и вие на таа фотелја и тој во фотељата на Владата на Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Вие спомнавте тука неколку работи, ќе ви одговорам една по една.

Што се однесува до мојата доблест, мислам дека од моја страна беше доблесно да им кажам на претставниците на стечајните работници, кој е планот за работа на овој Парламент и јас тоа им го кажав. Може тоа на некој да се допаѓа или не, но никој не може да рече дека тоа не беше чесно и доблесно.

Второ, основната причина за мојата таква одлука се состои во тоа што и двата предложени закони во 99% од својот фолоат предвидуваат фискални промени, односно фискални последици. Вие знаете дека Комисијата за финансии во каква состојба е кај нас и без никаков увид во фискалните последици ќе беше џабе и ќе биде џабе да дискутираме, затоа што многу закони во оваа земја има пропаднато, можам и да ги цитирам. Се носеле закони со фискални последици, а потоа се установувало дека за тоа нема покритие. Но, за тоа е така како што е.

Што се однесува за предлогот ваш за прикин, тука вчера, колку што знам јас се гласаше два пати за еден таков предлог и за таква модулација. Не знам кое е расположението на Собранието од вчера до денес, но ако инсистирате да го ставам на гласање. Вчера е гласано, но ако инсистирате молам.

Предлогот на господинот Оливер Спасовски да се прекине денешната седница и веднаш да се почне со другата, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За гласале 38, воздржани нема, против гласале 42.

Според тоа, предлогот на господинот Спасовски не е прифатен.

Повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам претседателе.

Согласност членот 94 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, согласно на тоа што голем дел од пратениците се изјаснија за мојот предлог и многу малку овој предлог да се усвои, барам Собранието поединечно да се изјасни, заради тоа што се сомневам, заради тоа што често пати знаете да кажете дека системот во моментот не функционирал. Барам поединечно гласање во Собранието на Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи разликата е помала од 5 гласа, ги повикувам службите да организираат поединечно изјаснување.

Ги молам службите да организираат поединечно гласање.

Ве молам, немојте од гласањето да правиме оне што не треба да правиме. Ве молам. Ваквите поединечни гласања се многу битни.

Ве молам да се земе листингот. Започнете ве молам.

**Жарко Денковски:**

| | |
|---|---|
| Авирович Владанка | отсутна |
| Адеми Џеват | отсутен |
| Ајдини Насер | за |
| Алити Рафис | за |
| Анастасовски Иван | за |
| Андов Стојан | отсутен |
| Андоновска Марија | против |
| Арифи Теута | отсунта |
| Ахмети Али | отсутен |
| Бендевска Весна | за |
| Беџети Блерим | отсутен |
| Бонева Силвана | против |
| Божиновска Валентина | за |
| Бучковски Владо | за |
| Буџаку Агрон | за |
| Вејсели Абдулади | отсутен |
| Велиу Фазли | отсутен |
| Вељаноски Трајко | против |
| Витанов Зоран | отсутен |

Георгиевски Љубиша против
Георгиевски Љубчо отсутен
Кире Гештаковски за
Ѓелова Стојанова Соња против
Герамитчиоски Тале за
Гинев Јован против
Грковска Славица за
Грозданов Цветко против
Дамески Панче против
Даневски Томе против
Деркоски Оливер против
Димеска Катерина против
Димитриевски Дарко против
Димитровски Ратко против
Димовски Илија против
Догани Бесим отсутен
Додовски Марјан за
Дончев Данаил отсутен
Дулиќ Благородна против
Дураки Садула за
Ѓорѓеска Ружа против
Ѓорѓиевски Веле против
Ѓорчев Владимир отсутен
Жерновски Андреј отсутен
Зашов Благој за
Ибиши Хазбије за
Иванов Љубисав-Ѕинго против
Иванова Цветанка за
Ивановска Јаготка против
Ивановски Игор за
Јакимовска Светлана против
Јакупи Зумрете за
Јаневска Весна отсутна
Јашари Аднан за
Каба Гарип за
Кадри Фљора за
Киров Ацо за
Кипаризовска Крстеска Анита против
Китаноски Илија против
Китаноски Лазар отсутен
Кондарко Борис за
Коцев Ванчо против
Крстевски Стојче против
Куновска Јагнула отсутна
Лалчевска Ристана отсутна
Макрадули Јани за
Манасијевски Јован отсутен
Маркоски Гоце отсутен
Матоши Ружди за
Мисовски Горан за
Митаноски Веле за
Митрева Илинка отсутна
Мери Младеновска Георгиевска отсутна
Мустафа Неждет за
Најдовски Слободан за
Незири Хади отсутен
Незири Сафет отсутен
Николов Марјанчо за
Николоски Александар против
Оровчанец Ѓорѓи за
Пачемски Миле против
Пенов Ристо за
Петковски Тито за
Петрески Зоран против
Петров Горан против
Положани Азиз за
Поп Арсов Петар против
Поповска Лилјана отсутна
Поповски Никола отсутен
Рамадани Агим за
Рахиќ Есад отсутен
Реџепи Даут отсутен
Рилкоски Никола за
Салију Селвије за
Салиу Шабан отсутен
Секуловска Мирјана отсутна
Селмани Ајше за
Селмани Елмазе за
Серафимов Влатко за
Спасеновски Александар против
Спасовски Оливер за
Станчевска Нада отсутна
Стефановска Анета против
Стоилковиќ Иван отсутен
Стојанов Ристо против
Сулејмани Фадил за
Танчева Тулиева Надица против
Тачи Мендух отсутен
Ташева Виолета отсутна
Топузова-Каревска Роза за
Трајанов Павле отсутен
Ќуркчиев Никола за
Филипова Верица за
Хасипи Кенан за
Хани Тахир за
Цаноски Фијат отсутен
Цветковска Благородна за
Џафери Арбен отсутен
Шамбевски Оливер против
Шекеринска Радмила за
Шутаров Васко против

**Љубиша Георгиевски:** Според поединечното гласање резултатите во врска со предлогот на господинот Оливер Спасовски да се прекине оваа седница и да се продолжи со следната според предлогот на СДСМ, резултатите од гласањето се следните:

Вкупно гласале 82 пратеника, за гласале 47 пратеници, (аплауз од страна на пратениците на опозицијата).

Против гласале 35 пратеници, воздржани нема.

Според тоа констатирам дека предлогот го прифати мнозинството од пратениците.

Објавувам пауза од половина час за да се реорганизираме.

(Пауза од 13,28 часот)

(По паузата седницата продолжи во 13,55 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците кои се во Собранието, а се уште не влегле во салата, да влезат во салата, затоа што треба да почнеме со работа.

Ги повикувам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Објавувам прекин од 10 минути за кворум.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Во салата во овој момент присутни се 57 пратеници.

Почитувани пратеници со оглед на времето објавувам пауза за ручек.

Ќе продолжиме со работа во 15,00 часот кога ќе ни бидат разделени материјалите за новата седница.

(По паузата)

Во салата се присутни 59 пратеници.

Предлагам да почекаме уште десетина минути.

Ги повикувам службите уште еднаш да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Ги повикувам пратениците во салата на ред и дисциплина.

Во салата се присутни 57 пратеници.

Заради немање на кворум, ја прекинувам седницата.

Продолжуваме утре со почеток во 11,00 часот.

(Седницата прекина во 15,55 часот)